РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С21 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје** , државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт С21 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од **12.665 ха,** со следните граници :

**на север** • по осовина на сервисна улицата „С2"-Жегљане,

**на исток** • по осовина на градска магистрална улицата "А.Попов" и сервисна улица „С5"-Алија Авдовиќ,

**на југ** • по осовина на со сервисна улица „С1"-Среќко Пужаљка,

**на запад** • по осовина на собирна улица „Маџари" и сервисна улица „С3"- Јужно-моравски Бригади

**Намена на земјиштето и градбите:**

А - Домување,
Б - Комерцијални и деловни намени,
В - Јавни институции
Д - Зеленило и рекреација,
Е - Инфраструктура

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С21 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Крсте Мисирков", во рок од 10 работни дена и тоа почнувајќи од 06.10.2022 год. до 20.10.2022 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

**Повторната јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт С21 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **07.10.2022** год (петок) со почеток во **12.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во повторната јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Крсте Мисирков",.

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

**Број 28-3/875/9**
**Од 23.09.2022год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК

Боран Стефковски